Име и презиме: _____ *Датум:* _____

Делење со остаток – 4 -2

Прочитајте ги внимателно барањата во следниве задачи и соодветно одговорете. Во сите задачи делењето е со остаток.

1 Поделете:

а) 289 : 8 = б) 617 : 7 = в) 922 : 9 =

2 Во една живинарска фарма се произвеле 518 јајца.

а) Ако јајцата се пакуваат во шаблони од по 6 јајца, колку шаблони ќе се потребни за да се спакуваат сите јајца? Дали останува непополнет шаблон? Колку јајца има во него?

б) Колку шаблони се потребни, ако јајцата се пакуваат во шаблони од по 30 јајца?

в) Ако имаат само 9 шаблони кои собираат по 30 јајца, уште колку шаблони од по 6 јајца се потребни за да се спакуваат сите јајца?

3 Еден работник во една фабрика правел одреден производ за 9 минути. Колку производи може работникот да направи за еден работен ден од 8 часа во кој има еден час пауза? Ако работникот го прави производот за 8 минути, колку повеќе производи ќе може да направи за еден работен ден?

4 На улиците на еден град паднале 3,5 t снег. Градските власти имале 3 камиони за изнесување снег, од кои секој собирал по 400 kg снег. (Снегот се изнесувал од градот до блиската река.)

а) Колку најмалку камиони се потребни за да го изнесат сиот снег одеднаш?

б) Ако еден камион го изнесува снегот за 21 min, колку најмалку време е потребно за да се изнесе целиот снег со трите камиони?

в) Кога камионите би собирале по 500 kg снег, дали би се скратило времето за изнесување на снегот со трите камиони?

Copyright © 2015 Математика +

Делење со остаток – 4-2

Одговори

1

а) 289 : 8 = 36 и остаток 1 б) 617 : 7 = 88 и остаток 1

в) 922 : 9 = 102 и остаток 4

2

а) Бидејќи 518 : 6 = 86 и остаток 2, потребни се 87 шаблони. При тоа, 86 од нив ќе се полни со по 6 јајца, а 87-миот шаблон ќе има само 2 јајца.

б) Од тоа што

518 : 30 = 17 и остаток 8,

потребни се 18 шаблони за да се сместат сите јајца.

в) Во деветте шаблони собира 9 · 30 = 270 јајца. Останатите 518 - 270 = 248 јајца, може да се наредат во 42 шаблони од по 6 јајца, затоа што 248 : 6 = 41 и остаток 2.

3

Во еден работен ден, работникот работи 7 · 60 min = 420 min. Ако работникот го прави производот за 9 min, во еден работен ден може да направи 46 производи, бидејќи:

420 : 9 = 46 и остаток 6.

Ако би го произведувал проезводот за 8 min, тогаш за еден работен ден, би можел да произведе 52 производи, бидејќи 420 : 8 = 52 и остаток 4. Ова значи дека работникот би бил поефикасен за 52 – 46 = 6 производи во вториот случај.

4

Во градот паднало вкупно 3,5 t = 3,5 · 1000 kg = 3500 kg снег.

а) За да го изнесат целиот снег одеднаш, потребни се 9 такви камиони, бидејќи

3500 : 400 = 8 и остаток 300.

б) За да го изнесат целиот снег, трите камиони е потребно да направат 9 : 3 = 3 тури од по 21 min, односно потребни им се 3 · 21 = 63 min.

в) Во вториот случај, трите камиони одеднаш може да изнесат 3 · 500 kg = 1500 kg снег. И овде е потребно да направат три тури, односно 63 min, бидејќи со две тури најмногу би изнеле 2 · 1500 kg = 3000 kg снег. Значи времето за изнесување снег не се скратува при овие услови.

Copyright © 2015 Математика +